Врз основа на член 16, 18 и 23 од Законот за здруженија и фондации (Сл. весник на Р. Македонија бр. 52/10 и 135/2011) Собранието на основачите на Здружението на професионални организации и граѓани Балканска регионална мрежа за владеење на правото Скопје, на седницата одржана на ден 01.11.2016 година година во Скопје, го донесе следниов

# СТАТУТ

на Здружението за професионални организации и граѓани Балканска регионална мрежа за владеење на правото Скопје

## *I. ОПШТИ ОДРЕДБИ*

*Статус*

**Член 1**

Здружението за професионални организации и граѓани Балканска регионална мрежа за владеење на правото Скопје (во понатамошнот текст здружението) е доброволно, непротафитабилно, невладино, непартиско здружение на професионални организации, граѓански организации и граѓани кое дејствува на целата територија на Балканот.

Здружението е непрофитабилно. Секој остварен профит или суфицит ќе биде реинвестиран во рамки на активностите на Здружението и ќе биде искористен соодветно на мисијата.

*Име на здружението*

**Член 2**

Здружението ќе работи под името - **Здружение** за професионални организации и граѓани **Балканска регионална мрежа за владеење на правото Скопје**.

Скратениот назив на здружението ќе биде: Балканска регионална мрежа за владеење на правото **(БРМВП)**

*Седиште на здружението*

**Член 3**

Здружението е правно лице со права, обрвски и одговорности утврдени со Устав, Закон и со овој Статут.
Седиштето на ова Здружение е на ул. Васил Главинов бр.14-2/8, Центар, Скопје, Р. Македонија.

*Печат, штембил и амблем*

**Член 4**

Здружението има печат и штембил.
На печатот е втиснат текстот Здружение за професионални организации и граѓани Балканска регионална мрежа за владеење на правото Скопје.
Во долниот текст стои текстот СКОПЈЕ.
На штембилот е втиснат текстот Здружение за професионални организации и граѓани Балканска регионална мрежа за владеење на правото Скопје, број, датум и СКОПЈЕ.

*Мисија, цели и активности на здружението*

**Член 5**

Мисијата на Балканската регионална мрежа за владеењето на правото ќе придонесува за владеењето на правото, демократијата и заштитата на човековите права на Балканот преку зајакнување на независните и делотворните адвокатски комори во соработка со граѓанското општество.

Целите на Здружението се остваруваат преку:

- Подобрување на капацитетите на адвокатските комори подобро да ги опслужуваат своите членови и граѓаните преку:
  - Унапредување на независноста на професијата
  - Промовирање на високи етички норми
  - Промовирање на висококвалитетно постојано правно образование за адвокатите
  - Образување на јавноста во однос на пристапот до правдата и улогата на адвокатите
  - Работење во насока на подобрување на пристапот до правната помош и квалитетот на застапувањето во кривичните предмети
- Подобрување на социјалната поставеност на адвокатите во општеството преку граѓански активности како што се:
  - Промовирање на општествена одговорност од страна на правната професија
  - Заштита на основните човекови права
- Придонес кон подобрувањето на законодавството, адвокатурата и судскиот систем преку:
  - Подобрување на соработката помеѓу адвокатските комори
  - Подобрување на соработката помеѓу адвокатските комори и чинителите во правосудниот сектор вклучувајќи го и граѓанското општество
  -
  - Влијаење врз и оформување на законодавството кое има влијание врз основните човекови права на адвокатите и граѓаните.
- Подобрување на разнообразноста во рамките на професијата и делотворна заштита на правата на малцинствата и другите ранливи групи со:
  - Поттикнување на ранливите групи да влезат во професијата
  - Унапредување на пристапот до судовите и застапување на ранливите групи

Активностите со кои здружението има предвидено да се занимава насекаде на Балканот со цел да ги реализира своите конкретни цели се особено следниве:

- Создавање на регионални работни групи и други механизми за поддршка на комуникацијата помеѓу чинителите во регионот за потребите на споделување на најдобрите практики и осмислување на заеднички решенија
- Развој и спроведување на проекти за унапредување на мисијата на мрежата
- Спонзорирање на конференции и обуки, како и други програмски интервенции за поддршка на мисијата на мрежата
- Развој и одржување на регионален ресурсен центар за застапниците на одбраната

- Организирање на состаноци и дискусиони панели каде членовите можат да споделуваат искуства и најдобри практики
- Развој на контакти и дијалог со регионални, европски и други меѓународни адвокатски комори и меѓународни институции и судови.

*Јавност во работата*

**Член 6**

Работата на Здружението е јавна.
Здружението јавноста редовно ќе ја информира за своето работење на прес конференции, со употреба на печатени и електронски медиуми и останати облици за јавно информирање.

## II. ЧЛЕНСТВО

*Критериуми за зачленување*

**Член 7**

Мрежата во моментов е составена од членови од националните адвокатски комори, граѓанското општество од правосудниот сектор, адвокатите и новинарите од Балканскиот регион. Категориите на членови во мрежата одразуваат различни видови на членови, и тоа:полноправни членови, придружни членови и почесни членови/набљудувачи. Како што е потенцирано подолу, Здружението може во иднина да се прошири и кон нови членови.

Статус на полноправен член ќе им биде доделен на организациите кои се правни субјекти и кои ги претставуваат адвокатите на национално[1] ниво. Полноправни членови се

- Адвокатска комора на Албанија
- Адвокатска комора на Косово
- Адвокатска комора на Македонија
- Адвокатска комора претставник од БиХ (Адвокатска комора на федерацијата БиХ)

Полноправните членови треба да плаќаат целосна членарина утврдена од страна на Собранието на Здружението. Полноправните членки треба да бидат застапувани од делегација до 4 претставници. Секоја полноправна членка ќе назначи шеф на делегацијата.

За време на поддршката на проектот, Американската адвокатска комора – иницијатива за владеење на правото ќе биде полноправен член во Собранието на здружението.

Статус на придружен член ќе имаат непрофитни, невладини организации кои се вклучени во застапувањето на правосудниот сектор. Придружните членови се исклучени од плаќање чланарина но можат да бидат во улога на партнери во проекти на БРМВП и адвокатските комори и можат да даваат фидбек и консултативни услуги за прашања важни за БРМВП.

Статусот на почесен член/набљудувач е отворен за поединци кои се докажани лидери во заедницата на застапници на одбраната. Почесните членови се ослободени од плаќање членарина. Тие имаат советодавно својство и можат да ја понудат својата стручност на Здружението.

---

[1] Во случајот на Босна и Херцеговина, не постои национална адвокатска комора, туку постојат комори на ниво на ентитет – за Федерацијата Босна и Херцеговина и за Република Српска.

Членовите може да се откажат во секое време со изјава за отстапување од членство доставена до секретаријатот. Членовите може да бидат исклучени, како што е наведено подолу, од Собранието.

Новите членки, полноправни, придружни или почесни, може да му пристапат на Здружението откако ќе бидат изгласани во рамки на Собранието.

Кога се одлучува за примање на нова членка, Собранието треба да оцени дали организацијата/индивидуалецот:

- Активно да работат на прашањата поврзани со адвокатурата и/или реформите на правосудниот сектор на Балканот
- Да можат суштински да придонесат кон остварувањето на мисијата на Здружението;
- Да имаат капацитет да учествуваат во Здружението (време, средства и персонал)

Генералното собрание треба да ги земе во предвид и препораките од страна на Извршниот одбор.

## *III. УПРАВУВАЊЕ И АДМИНИСТРАЦИЈА*

*Собрание на здружението: состав и право на глас*

**Член 8**

Собранието на Здружението (во натамошниот текст Собрание) е највисок орган на Организацијата кој го сочинуваат сите членови.

Полноправните членови го остваруваат своето право на 1 глас колективно во Собранието.
Придружните членови немаат право на глас но имаат советодавно дејство. Придружните членови можат исто да учеструваат во работните групи и други активности во мрежата.
Почесните членови немаат право на глас и имаат советодавно својство.

Собранието одлучува со просто мнозинство гласови (50%+1) освен во случаите поинаку наведени. Собранието може да работи ако се присутни половина од сите членови кои имаат право на глас.
Гласањето е јавно, а членовите може да гласаат по електронски пат (телефон, видео врска или други електронски форми на комуникација).
Во случај некој од членовите да биде спречен да присуствува и да гласа на седницата на Собранието, истото може да биде направено преку свој претставник од страна на отсутниот член со доставување на валидно овластување.

*Свикување на седница на Собранието*

**Член 9**

- Седницата на Собранието се свикува по потреба, а најмалку еднаш годишно.
- Седниците ќе ги повикува од страна на претседателот на Собранието. Седница на Собранието се свикува 14 дена пред одржувањето, со упатување јавна или лична покана до сите членови на Здружението, која содржи образложен предлог на дневен

ред на седницата. Седниците ќе се спроведуваат од страна на претседателот на Собранието или во негово отсуство Заменик претседателот.

*Надлежност на Собранието*

**Член 10**

Собранието на Здружението:

- донесува статут, програма и други акти;
- усвојува годишен извештај и стратешки документи;
- усвојува стратешки планови за мрежата;
- усвојува годишен финансиски извештај;
- одлучува за промена на целта на здручувањето;
- усвојува заклучоци и препораки што се однесуваат на состојбата на адвокатурата во регинот како и за прашања од општо значење;
- одлучува за здружување или разделување од друго здружние и за зачленување во сојузи и меѓународни организации;
- констатира прием на нови членови и престанок на членувањето;
- го утврдува износот на членарината на годишно ниво за сите членови (полноправни, придружни и почесни);
- одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство; од вкупниот број членови;
- номинира членови на Управен Одбор избрани од полноправни членки.

**2.Извршен одбор на здружението**

*Состав и одлучување*

**Член 11**

Извршниот одбор на Здружението (во натамошниот текст: Извршниот одбор) се состои од: еден член избран од секоја полноправна членка.
Извршниот Одбор избира претседател и потпреседател со мандат од 1 година,
Членовите на извршниот одбор ќе имаат мандат се додека не бидат заменети со друга делегација.

*Свикување на седница на Собранието*

**Член 12**

Седница на Извршниот одбор свикува претседателот на Здружението со упатување писмена покана до сите членови на Извршниот одбор, која содржи предлог на дневениот ред на седницата.
Нема да се донесуваат одлуки за работи кои не се на дневниот ред. Дневниот ред го утврдува претседателот во консултација со секретаријатот и потпретседателот. Сите делегации можат да побараат одредена точка да биде ставена на дневниот ред на наредниот состанок под услов сите такви барања да бидат доставени најмалку 10 дена пред состанокот. Доколку не се запази овој рок, вклучувањето на сите точки кои не се наведени во известувањето станува предмет на едногласно одобрување од страна на сите делегации односно членови на Извршниот одбор присутни односно застапени на состанокот. Сите одлуки се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови. Во случај на еднаква распределба на гласовите, одлучува гласот на претседателот.